Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (13) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30 мај 2024 година донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**
## **за уважување на приговор**

1. Приговорот на Џезаир Аслани од с. Шипковица, Тетово УП2 09-347/23 од 23 ноември 2023 година против Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1068 од 10 октомври 2023 година СЕ УВАЖУВА.

2. Решението за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1068 од 10 октомври 2023 година СЕ ПОНИШТУВА.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВА Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје да издаде ново Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа со пресметка со учество само на нисконапонската мрежа што допрва треба да ја изгради.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### **О б р а з л о ж е н и е**

Џезаир Аслани од с. Шипковица, Тетово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-347/23 од 23 ноември 2023 година против Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-1068 од 10 октомври 2023 година на КЕЦ Тетово, против висината на трошокот утврден за приклучок, поточно 147.453,00 денари за 11kW приклучок.

Жалителот потенцира дека поседува комплетна документација потребна за добивање на стандарден приклучок.

Според Електродистрибуција - согласно извршениот увид констатирано е дека при поднесување на новиот приклучок за извод од план барателот има доставено локална урбанистичко-планска документација, која не е еквивалент на ДУП/УПС/УПВНМ.

За да се реализира приклучокот треба да се направи нова мрежа во должина од 90 метри и во истата барателот учествува по капацитет процентуално.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 4 јануари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-347/23 од 23 ноември 2023 година со прилог:

-Приговараното Решение со прилог спецификации на трошоци

-Еднополна шема

-Имотен лист

-Одобрение за градење

-Барање за согласност за приклучок

2. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 4 декември 2023 година со прилог:

-Барање за согласност за приклучок

-GIS скица

-Извештај за пад на напон во мрежата

-Слики од објектот

-Податоци за оптоварување на трафостаница.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е основан.

Имено, дел од електроинфраструктурата е веќе изградена пред поднесување на Барањето на согласност за приклучување од страна на жалителот.

Согласно член 93 став (2) од Законот за енергетика (Службен весник на РМ бр. 96/18 и Службен весник на РСМ бр. 96/19 и 236/22) операторот на електродистрибутивниот систем е одговорен за одржување, надградување и проширување на електродистрибутивната мрежа како и за функционирање на електродистрибутивниот систем и е должен да обезбеди негово поврзување со електропреносниот систем.

Согласно став (3) точка 2) од истиот член, операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен да обезбеди сигурна, безбедна и квалитетна дистрибуција и испорака на електрична енергија преку електродистрибутивниот систем со којшто управува, на недискриминаторен и транспарентен начин, и во согласност со пропишаниот квалитет.

Согласно став (3) точка 3) од истиот член, операторот на електродистрибутивниот систем, во согласност со овој закон и прописите и правилата донесени врз основа на овој закон, е должен да ги приклучи производителите и потрошувачите на електродистрибутивниот систем со кој управува во економско-технички оптимални точки, како и да овозможи пристап на трета страна за користење на електродистрибутивниот систем

Имајќи го предвид горенаведеното, како и фактот дека постои можност за реализација на приклучок а жалителот поседува комплетна документација, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–347/23**
**30 мај 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**